Ст.бр.16/2021

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Исмаил Елези, решавајќи по предлоgот поднесени од предлагачот Бобан Миноски од с.Горно Добреноец, Општина-Кичево, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, транспорт, трговија, и услуги РИБЕН РЕСТОРАН БИСТРА увоз-извоз ДООЕЛ с.Горно Добреноец-Кичево, по одржаното рочиштето, во присуство на стечајниот управник Агрон Арифи од с.Пирок-Тетово и предлагачот Бобан Миноски, денес на ден 25.11.2021 година го донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за производство, транспорт, трговија, и услуги РИБЕН РЕСТОРАН БИСТРА, увоз-извоз ДООЕЛ с.Горно Добреноец-Кичево со ЕМБС 6611737 и ЕДБ-40490105 -00196 е основано на ден 25.07.2010 година, приходна шифра 56.10-Ресторани и останати објекти, со трансакциска сметка број 210-0661173701-58 Депонент при НЛБ-Тутунска Банка АД. Скопје, стечајната постапка СЕ ОТВАРА, не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението Централен регистар РСМ, РРК-Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението НЛБ -Тутунска Банка Банка да ја згасне трансакционата сметка на должникот, а доколку има средства на нив истите да ги префрлат на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност при што се заведе постапка под Ст.бр.16/21

Судот по добивањето на предлозите определи стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачите остана при наводите на предлозите, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од

25.11.2021 година при што утврди дека се исполнети условите од чл.5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, бидејќи на должникот му претстои идна неликвидност.

Од извештајот на стечајниот управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ.бр.16/2021 од 25.11.2021 година.**

**Стечаен судија,**
**Исмаил Елези.с.р.**

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

Д-НО: -На Предлагачот
- Должникот
- стечаен управник,
-Огласна табла
-и веб страна на Основен Суд Кичево,
-УЈП-Кичево, а по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ, РРК-Гостивар, ; НЛБ Тутунска Банка АД Скопје.